**вести-информации**

*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

## ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРААТ СТУДЕНТСКИ ДЕФЕКТОЛОШКИ ДЕНОВИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

Развојот на дефектолошката теорија и практика со појавувањето на Институтот за дефектологија е во постојан подем. Имајќи предвид дека втората генерација апсолвенти веќе заминува, а од есен 1999 год. студиите ќе ги започне шестата генерација студенти се наложува потребата за организирање на студентски дефектолошки денови. Целта и значењето на овие денови е развивање на научната мисла, оспособување на младите за пишување стручно-научни трудови и пред сé, популаризација на дефектолошката теорија и практика на нашите простори и пошироко.

Право на учество ќе имаат студентите од II, III, IV година на Институтот за дефектологија, новите дипломирани дефектолози во студиската година кога се организираат "деновите", студенти од Институтот за педагогија, психологија, социјална работа, од Медицински факултет и другите сродни науки во државата и надвор од неа.

Студентските дефектолошки денови ќе се одржуваат еднаш годишно во Охрид или Струга во траење од 2-3 дена.

За успешно организирање на студентските дефектолошки денови е потребно навремено информирање и запознавање на студентите со суштината и нивните цели и неодложно започнување со организациските работи на сите кадровски структури од Институтот за дефектологија. За таа цел ќе се формира организационен одбор во кој ќе влезат по 5 студенти од секоја учебна година.

Авторите можат да ги изработат своите трудови во сите дефектолошки, медицински, социјални стручно-научни установи во Република Македонија и во странство. Од трудовите ќе биде изработен зборник кој подоцна може да им послужи на студентите при вработувањето или запишувањето на постдипломски студии како верификација на нивната научна активност.

Темите ќе бидат презентирани усно или преку постер. Времетраење на усната презентација е 20 минути. Официјални јазици на манифестацијата ќе бидат македонски и англиски. Краен рок на пријавување на темите 15.03.1999 година. На студентската манифестација ќе се работи во неколку сесии и ќе се формираат комисии од професори, доценти и асистенти од Институтот за дефектологија во зависност од потесното подрачје што го обработува трудот. Студентите избираат соодветен ментор за изработка на нивната тема.

Учеството на студентските денови ќе се финансира со спонзорства и плаќање на котизација на студентите чија вредност дополнително ќе се формира.

На седницата на Институтот за дефектологија одржана на 15.06.98 година е формиран иницијативен одбор кој ќе ги започне организациските работи за успешно одржување на Првите студенски дефектолошки денови.